Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 22.11.2023

На 21.11.2023 во Скопје од страна на полициски службеници од тим Потраги, ОКР Центар и Бит Пазар и Полициската станица Драчево од слобода е лишен М.Д.(42) од Скопје, кој бил баран со потерница поради бегство од КПУ Затвор Куманово. Тој бил баран за доиздржување на казна затвор од 9 месеци и 26 дена за сторено кривично дело по член 123 став 1 од Кривичниот законик, за кое бил осуден на казна затвор од 13 години и 3 месеци.

На 21.11.2023 во 12.00 часот полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш - Отсек за економски криминал го лишија од слобода К.Ѓ.(33) од с.Подареш, радовишко, вработен во Државен пазарен инспекторат, Одделение за инспекциски надзор Струмица со градовите Гевгелија, Валандово и Радовиш, поради сомнение за сторено продолжено кривично дело „примање поткуп" по член 357, а во врска член 45 од Кривичниот закон. На 21.11.2023 осомничеениот од двајца жители на радовишко примил 3000 денари, кои претходно ги побарал од нив за да не констатира прекршок согласно Законот за изменување и дополнување на законот за забрана и спречување за вршење на нерегистрирана дејност, односно за да не преземе службено дејствие кое бил должен да го изврши. Во моментот кога е лишен од слобода, кај него се пронајдени парите кои ги примил како поткуп. Од дополнително преземените мерки и активности било утврдено дека К.Ѓ. во периодот од јуни до ноември 2023 година во повеќе наврати од жители на Радовиш и радовишко примил пари во вкупен износ од 18.000 денари и 150 евра како поткуп. Во еден случај примил поткуп за да не констатира прекршок по извршен надзор, а во останатите случаи поткупот го примил со цел да не изврши надзор кој бил должен да го изврши. К.Ѓ. е задржан во Полициската станица Радовиш и ќе биде поднесена кривична пријава до Основното јавно обвинителство Струмица.

Полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар, вчера (21.11.2023) околу 18.15 часот во гостиварски Градец ја лишиле од слобода 54-годишната М.Р од ова село. Половина час пред тоа, таа била пријавена од 36-годишната Б.Р. од гостиварски Добридол дека во возило од јавен превоз, во кое се превезувала, од чантата и одзела девизи и накит. Случајот целосно е расчистен, одземеното е пронајдено и вратено на сопственичката, а против М.Р. ќе следува соодветен поднесок.

На 21.11.2023 во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово го лишиле од слобода И.Т.(50) од Куманово, затоа што кај него бил пронајден и одземен хероин. И.Т. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

Денеска (22.11.2023) во 02.05 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода Ф.К.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.11.2023 во 13:50 часот во Валандово, полициски службеници од ОВР Валандово ја лишиле од слобода С.Г. (33) од Струмица, затоа што кај неа била пронајдена и одземена бела материја. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.11.2023 во 23.10 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.З.(29) од с.Копаница, скопско, затоа што кај него бил пронајден и одземен пиштол „Црвена застава" калибар 7,62 и една рамка со девет куршуми, калибар 7,62 мм. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (21.11.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 152 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 67 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 85 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (21.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 125 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 19 санкции, четири мерки за возење без возачка дозвола, три мерки за недавање предност на минување на пешаци. Изречени се 12 мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за некористење сигурносен појас, седум мерки за минување на затворен сигнал – црвено светло...

На 21.11.2023 во 15,07 часот во СВР Скопје пријавено е дека на крстосница од магистрален пат Скопје – ГП Долно Блаце и сервисна улица која го поврзува патот со обиколницата околу Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу минибус „мерцедес" со косовски регистарски ознаки, управуван од Р.Х. (63) од Р.Косово и патничко возило „голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.И. (19) од Скопје. Ф.И., Р.Х., како и патниците од минибусот, К.А. (67) и В.А.А.(33) од Скопје, Г.М.(45) и Е.М. (75) од Косово биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на помош, а Ш.Ш. во ГОБ „Св. Наум Охридски". На Ф.И., Р.Х., В.А.А., Е.М. и Г.М. им се констатирани телесни повреди, на Ш.Ш. тешки телесни повреди, а К.А. починала од здобиените повреди. Извршен е увид од СВР Скопје и известен јавен обвинител, а возачот Ф.И. е лишен од слобода.

На 21.11.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.Н.(39) од Скопје пријавила дека на бул.„12 Македонска бригада" била касната од куче скитник.

На 21.11.2023 во Полициското одделение Петровец, А.Г.(38) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека во с.Бунарџик, скопско, бил каснат од куче скитник.

На 21.11.2023 во 08.00 часот во ОВР Валандово, Ј.К.(62) од Валандово пријавил дека на ул.„Никола Карев" бил каснат од куче скитник.

На 21.11.2023 во 18.00 часот во ОВР Прилеп, Г.Р.(43) од Прилеп пријавил дека на ул.„Браќа Миладиновци" бил каснат од куче скитник .

22.11.2023

ДОПОЛНЕНИЕ-ИЗВАДОК ОД ДНЕВНИТЕ НАСТАНИ

На подрачјето на СВР Тетово вчера (21.11.2023) од 10.00 до 14.00 часот спроведена е акциска контрола за престигнување во сообраќајот, во која вкупно биле откриени и санкционирани 39 прекршоци (ТЕ-21 и ГВ-18). Најголемиот број од прекршоците (38) се однесувале на престигнување извршено на недозволени места, а 1 за престигнување во колона. На возачите-прекршители изготвени им се поднесоци и ќе се соочат со парични глоби од 45 до 250 евра во денарска противвредност. Покрај ова, во рамките на акциската контрола биле санкционирани и 4 други видови прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-1), а при контролните активности реализирани во текот на вчерашниот ден во Тетово санкционирани се и 9 лица кои ги управувале возилата без положен возачки испит и адекватна дозвола, 8 возачи кои ја пречекориле максимално дозволената брзина и така натаму.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице од с.Доброште, тетовско и А.Е.(62) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 19.09.2019, А.Е. со возило „мерцедес", сопственост на правното лице, отишол во авто-лакерска фирма во тетовско село и со сопственикот се договориле да изврши поправка на возилото, кое било учесник во сообраќајна незгода, а откако осигурителната компанија ќе ја исплати штетата, да му изврши уплата на 75.396 денари, колку што бил износот на поправката. Откако била извршена поправката, А.Е. го зел возилото, но не ја платил фактурата иако осигурителната компанија ја подмирила оштетата за возилото.

На 21.11.2023, по извршена обдукција на телото на М.Д.(76) од Крива Паланка, кој бил пронајден починат во својот дом на 20.11.2023, во Институтот за судска медицина и криминалистика Скопје констатирано е дека станува збор за насилна смрт, односно убиство. ОВР Крива Паланка презема мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.З.(45) од с.Бродец, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во текот на декември 2022 година, лице од Тетово на пријавениот за износ од 250 евра му издал локал под наем, а по еден месец пријавениот му побарал на заем 500 евра за да го дополни локалот со роба. Три месеци потоа, лицето отишло да ги земе парите кои му ги должел пријавениот, но локалот бил затворен, а откако се слушнале телефонски, пријавениот му ветил дека ќе се раздолжи, но не го сторил тоа до пријавувањето на настанот.

На 21.11.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Центар, З.Р.(43) од Скопје пријавил дека на 18.11.2023 околу 23.00 часот на подрачје на Центар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку други малолетници, од кои дел ги познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.М.(28) од с.Доброште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дел „насилство". На 23.07.2023 во с.Нераште, поради нерасчистени должничко – доверителски односи, К.М. започнал расправија со Б.Е.(23) од с.Нераште, при што со нож му нанел повреда.

На 21.11.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во 17.30 часот во с.Трубарево, скопско, по претходно нарушени односи, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Т.С.(70) и Б.С. (23), двајцата од с.Трубарево. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против З.Т.(66) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 26.09.2023 на ул.„Илинденска" во Тетово извршиле контрола на патничко возило „киа рио", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека пријавениот врши јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца.

На 21.11.2023 во 12.45 часот во ОВР Ресен, А.Ш. пријавил дека бил каснат од куче скитник.

На 21.11.2023 во 16.15 часот во Полициската станица Драчево, С.Ѓ.(75) од с.Зелениково, скопско, пријавил дека околу 16.00 часот во селото бил физички нападнат од А.В.(54) од с.Зелениково. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против П.К.(50) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 15.09.2023 во казино во Струга, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 21.11.2023 во Полициската станица Центар било пријавено дека на подрачје на Центар, по претходна расправија, пред угостителски објект бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.Р.(39) од Свети Николе и М.С.(36) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.З.(32) од с.Јегуновце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" при семејно насилство и „телесна повреда" при семејно насилство. На 08.06.2023 во Тетово, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга и ѝ упатил закани.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против И.М.(41) од струшкото село Радолишта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". Тој, на 03.09.2023 година околу 22.00 часот, со закана кон вработените во казино, во околината на Струга, одзел пари од прометот.

На 21.11.2023 во 20.00 часот во СВР Битола, М.А.(29) од Битола пријавил дека во близина на ул. „Широк Сокак" бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Ј.(39) од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 26.10.2023 во Виница, пријавениот физички ги нападнал З.Д.(61) и Ѓ.Т.(67), двајцата од Виница.

Денеска (22.11.2023) во 02.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, од Итна медицинска помош било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар со помош бил пронајден Ф.Р.(23) од Италија. Според пријавеното, тој на подрачјето на Центар бил физички нападнат од неколку лица, откако претходно влегол во нивното возило. Како што е пријавено, при нападот тие употребиле и остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.11.2023 во 23.00 часот во Полициската станица Карпош, Љ.С.(61) од Куманово пријавил дека на подрачје на Карпош – Скопје бил физички нападнат од две лица, при што се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (21.11.2023) околу 13.50часот во СВР Скопје е пријавено дека во менувачница на подрачје на Карпош две лица со закана со оружје од вработената одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против К.Б.(35) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење" и кривично дело „узурпација на недвижности". Пријавениот, во период од 2018 до октомври 2023 година, бесправно изградил семејна куќа на земјиште во сопственост на РСМ.

На 21.11.2023 во 15.50 часот во СВР Битола, И.Р.(27) од с.Егри пријавил дека неговата малолетна внука била касната од куче скитник.